БИМ
Свети Николе
ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, Собранието на БИМ а.д. Свети Николе на седницата одржана на ден 06.05.2015 година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за стекнување сопствени акции со откуп

**Чл.1**

Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу една десетина од основната главнина на БИМ ад. Свети Николе (заедно со акциите што друштвото ги има стекнато претходно), по најниска цена од 4.500,00 ден.односно највисока цена до 7.500,00 ден. за една акција.

**Чл.2**

Окупот на акциите ќе се изврши во време кое што неможе да биде подолго од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа одлука.

Исплатата на средствата за откуп на сопствените акции ќе се врши од сметката на Друштвото.

Откупот на сопствените акции ќе се врши на македонска берза на долгорочни хартии од вредност преку овластена брокерска куќа.

**Чл.3**

За купувањето на акциите според член 1 од оваа Одлука ќе се издвојат средства од акумулираната добивка до 2008 год.

**Чл.4**

Се овластува Одборот на директори да донесе Одлука за назначување на лице овластено во име на друштвото да ги превзема и врши потребните активности околу купувањето на акциите преку Македонската берза на долгорочни хартии од вредност.

**Чл.5**

Купувањето на акции спротивно на оваа Одлука е ништовно.

**Чл.6**

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за стекнување сопствени акции со откуп бр. 02-155/8 од 23.04.2014 година.

**Чл.7**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ а.д. Св.Николе